(3.2) висината на инвестицијата.

**Член 11**

(1) При реализација на инвестицијата за оплеменување на деловниот простор, Општина Гази Баба ќе врши контрола во набавката, цената и квалитетот на вградените материјали.

(2) По затворањето на инвестицијата за оплеменување на деловниот простор, инвестицијата ќе остане во сопственост на Општина Гази Баба и при ослободување (по било кој основ) на деловниот простор закупецот ќе го предаде со состојба по реновирањето.

**Член 12**

При изборот за најдобар понудувач доколку ги прифаќаат условите од најповолната понуда, предност имаат:

(1) постојните закупци под услов редовно да ги подмирувале обврските од постојните договори и за деловниот простор се грижеле како совесни домаќини;
(2) затекнатите корисници на деловниот простор во новопревземените објекти, во зависност од начинот на користење и состојбата на деловниот простор во моментот на превземањето на објектот од страна на Општина Гази Баба; и
(3) дејноста која ќе се обавува во објектот доколку е од битен интерес за Општина Гази Баба.

**Член 13**

(1) Комисијата, пристигнатите понуди ги разгледува во рок од пет дена по завршувањето на огласот.
(2) Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна ќе биде известен во рок од пет дена по завршување на постапката за избор на најповолна понуда, и со истиот ќе биде склучен Договор за закуп по конечноста на Одлуката.
(3) Комисијата ги известува и понудувачите чии понуди не се прифатени со објаснување за причините за неприфаќање на истите.

**Член 14**

(1) Доколку на огласот за издавање на деловен простор под закуп нема заинтересирани понудувачи деловниот простор, повторно ќе се огласи во иста постапка според членовите 7 и 8 на овој Правилник.

(2) Доколку и на повторното огласување на деловниот простор нема заинтересирани понудувачи, деловниот простор може да се издаде со директна спогодба (по доставено барање од заинтересираниот закупец) помеѓу Општина Гази Баба и заинтересиран субјект при што почетната закупнина за 1 м2 може да биде намалена до 30%.

**Член 15**

(1) Против одлуката на Комисијата за избор на најповолна понуда, незадоволниот понудувач може да поднесе писмен приговор во рок од пет дена по приемот на известувањето.
(2) Приговорот се поднесува до Комисијата за издавање деловен простор под закуп, а по истиот одлучува Градоначалникот на Општина Гази Баба.
(3) Донесената одлука по приговорот, од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба, е конечна.

**ДОГОВОР ЗА ЗАКУП**

**Член 16**

(1) По конечноста на Одлуката за издавање на деловен простор под закуп, Општина Гази Баба и најповолниот понудувач склучуваат Договор за закуп.

(2) Со Договорот за закуп се уредуваат односите помеѓу Општина Гази Баба како закуподавец и закупецот, како и други прашања кои се карактеристични за издадениот деловен простор под закуп во поглед на намената и начинот на користење на истиот.
(3) Договорот за закуп во име на Општина Гази Баба го склучува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 17**

(1) Доколку во рок од пет дена по добиеното известување за најповолен понудувач, субјектот кој е избран за најповолен, не се јави да склучи Договор за закуп, ќе се смета дека се откажал од деловниот простор и депонираните средства за учество на огласот нема да бидат вратени.
(2) Во случај кога избраниот најповолен понудувач писмено се откажува од деловниот простор, деловниот простор ќе биде доделен на следниот (прв нареден) со највисока понудена закупнина по 1м2.
(3) На учесниците на огласот кои нема да бидат избрани, депонираните средства за учество на огласот ќе им бидат вратени во рок од пет дена по завршувањето на постапката без камата.

**Член 18**

(1) Договорот за закуп е со важност до пет години и во него се вградени одредбите од Законот за облигациони односи.
(2) Закупецот дава изрична изјава дека се согласува, Договорот за закуп на деловниот простор да претставува извршна исправа и врз основа на истиот да може да се спроведе присилно извршување врз неговиот имот и присилно иселување доколку Договорот биде раскинат заради неисполнување на обврските кои произлегуваат од Договорот.
(3) Трошоците за нотарска заверка на Договорот ги сноси закупецот.

**Член 19**

Договорот за закуп престанува да важи ако:
(1) со одлука на суд или друг државен орган на закупецот му е изречена забрана за вршење на дејноста;
(2) по писмено барање на закупецот; и
(3) непочитување на обврските од договорот.

**Член 20**

Договорот за закуп посебно содржи одредби дека:
(1) Закупецот е должен закупнината да ја плаќа по истекот на месецот и тоа најдоцна заклучно со петти во наредниот месец за претходниот месец;
(2) За секој ден доцнење на уплатата на закупнината, Општина Гази Баба пресметува законска затезна камата;
(3) Закупецот е должен уредно да ги плаќа сите комунални давачки за деловниот простор (струја, вода, парно греење, ѓубретарина и друго);
(4) Закупецот не може да го издава деловниот простор во подзакуп без согласност на Општина Гази Баба; и
(5) Во случај на оштетување на деловниот простор по вина на закупецот или вработен на закупецот, надоместот на штетата е на товар на закупецот.

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

**Член 21**

(1) Деловен простор во сопственост на Општина Гази Баба, со затекнат корисник, кој инвестирал за оплеменување на деловниот простор, подлежи на огласување под условите, начинот и постапката определени со овој Правилник.
(2) Проценката на вредноста на инвестицијата за оплеменување на деловниот простор

од ставот (1) на овој член ја врши овластен судски проценител определен од Општина Гази Баба.

(3) Доколку на огласот за деловниот простор од ставот (1) на овој член се пријави само затекнатиот корисник, инвестицијата за оплеменување на деловниот простор се пребива со закупнината, за време кое се пресметува во согласност со: проценката на вредноста на инвестицијата извршена од овластениот судски проценител, проценката на висината на закупнината по 1 м2 утврдена од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката - Скопје и површината на деловниот простор што се издава под закуп по имотен лист.

(4) Доколку на огласот за деловниот простор од ставот (1) на овој член, биде избран понудувач со поповолни услови од затекнатиот корисник, должен е да му ја надомести проценетата вредност на инвестицијата на затекнатиот корисник.

(5) Избраниот понудувач од ставот (4) на овој член должен е до потпишувањето на Договорот за закуп, пред Општината Гази Баба да декларира извршена уплата на проценетата вредност на инвестицијата на затекнатиот корисник од ставот (1) на овој член.

(6) Условите од ставовите (4) и (5) на овој член се дел од огласот за издавање под закуп на деловниот простор од ставот (1) на овој член.

**Член 22**

Договорите за закуп на деловен простор склучени со Општина Гази Баба пред влегувањето во сила на овој Правилник остануваат во сила.

**Член 23**

(1) Градоначалникот на Општина Гази Баба може да склучи Договор за користење на деловен простор во сопственост на Општина Гази Баба, без оглас за издавање на деловниот простор под закуп и без плаќање на закупнина, со невладини организации со кои Општина Гази Баба претходно склучила договор за реализација на програма од интерес за Општина Гази Баба, за време не подолго од три години, со право на продолжување на времето за користење.

(2) Невладините организации од ставот (1) на овој член не може да го користат деловниот простор за вршење на профитна дејност.

**Член 24**

Условите, начинот и постапката за користењето на спортските терени и објекти во сопственост на Општина Гази Баба се уредуваат со посебен Правилник.

**Член 25**

Условите, начинот и постапката за користењето на спортска сала и друг деловен простор на основно училиште во сопственост на Општина Гази Баба се уредуваат со посебен Правилник на основното училиште.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 26**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 3219/19**
**од 31.10.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на правилникот за доделување стипендии на талентирани ученици, од основните училишта на подрачјето на Општина Гази Баба**

1. Се објавува правилникот за доделување стипендии на талентирани ученици, од основните училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 31.10.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3405/18**
**од 08.11.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точки 6 и 10, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесеттата седница одржана на ден 31.10.2012 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ, ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува постапката за доделување стипендии на ученици од основните училиште, на подрачјето на Општина Гази Баба.

### Член 2

Износот на средствата за стипендијата е 1.800,00 денари месечно со пресметан данок на добивка, и истиот ќе се исплатува почнувајќи од 01.11.2012 година, од Буџетот на Општина Гази Баба - Програма за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта.

### Член 3

Право на учество на огласот за доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, имаат кандидатите кои ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни ученици од В до ВИИИ одделение;
2. Во текот на основното образование да учествувале и освоиле награди за поединечно освоено I, II или III место на општински, градски, регионален, државен или меѓународен натпревар во областа на науката, културата, техниката и уметноста; и
3. Да оствариле континуиран успех во текот на школувањето од најмалку 4,00.

### Член 4

При учество на огласот, кандидатите треба да ја доставaт следната документација:

Потврда дека е редовен ученик;

Фотокопија од сведителства, почнувајќи од В одделение;

Фотокопии од пипломи од учество на натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста;

Препорака од класниот раководител на предметниот наставник; и

Изјава потпишана од родител (старател) дека доставените документи се вистинити и дека ученикот не е корисник на друга стипендија или кредит од друга институција или фирма, заверена на нотар.

### Член 5

Огласот се објавува во еден од пишаните медиуми и на веб страницата на Општина Гази Баба.

Документите се поднесуваат по пошта или преку архивата на општината, со назнака ''ЗА ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ, ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА''.

**Член 6**

Барањата за доделување стипендии, ги разгледува Комисија формирана од Градоначалникот на општината, која врши бодирање на истите врз основа на претходно утврдените критериуми и составува Записник кој го доставува до Градоначалникот на општината.

**Член 7**

Стипендиите ги доделува Градоначалникот на општината со склучување договор за стипендирање, во кој поблиску се уредуваат правата и обврските на корисникот и давателот на стипендијата.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 3219/20**
**од 31.10.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на правилникот за дополнување на правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба**

1. Се објавува правилникот за дополнување на правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 31.10.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3405/19**
**од 08.11.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), а во врска со член 6 од Одлуката за награда и признанија (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.7/12), Советот на Општина Гази Баба на Педесеттата седница одржана на ден 31.10.2012 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ**
**ЗА НАЧИНОТ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА**
**ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА И ПРИЗНАНИЕ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба, бр.07-2025/10 од 13.07.2012 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.7/12), во членот 3 точка (10) се брише сврзникот ''и'', во точката (11) после зборот ''сектор'' се става запирка и се додава сврзникот ''и'', и се додава нова точка (12) која гласи: **''(12) за животно дело''**.

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 3219/21**
**од 31.10.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за**
**доделување на наградата ''Големата Мајка''**
**на Општина Гази Баба за 2012 година**

1. Се објавува одлуката за доделување на наградата ''Големата Мајка'' на Општина Гази Баба за 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 31.10.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3405/20**
**од 08.11.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), член 19 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на награда и признание на Општина Гази Баба, бр. 07-2025/10 од 13.07.2012 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.7/12), а во врска со член 6 од Одлуката за награда и признанија (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.7/12), Советот на Општина Гази Баба на Педесеттата седница одржана на ден 31.10.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на наградата ''Големата Мајка''**
**на Општина Гази Баба за 2012 година**

**Член 1**

Наградата ''Големата Мајка'' на Општина Гази Баба за 2012 година се доделува на:

**(1) САНДЕ СТОЈЧЕВСКИ,** од областа на културата,
**(2) ПЕТРЕ НАНЕВСКИ,** од областа на уметност,
**(3) СЛАВЧО КОВИЛОВСКИ,** од областа на науката,
**(4) КМФ ''ЖЕЛЕЗАРЕЦ'',** од областа на младите и спортот,
**(5) БИЛЈАНА ЛОТЕСКА,** од областа на образованието и воспитанието,
**(6) СРЕТКО ЦИМЕВСКИ,** од областа на хуманоста и солидарноста,
**(7) ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА ''КАВАРЏИК'',** од областа на аграрот,
**(8) АРЧЕЛОР МИТТАЛ,** од областа на стопанството,
**(9) МЛАДИ ИНФО,** од областа на невладиниот сектор, и
**(10) ЖИВКО ДУКОВСКИ,** за животно дело.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 3219/22**
**од 31.10.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на заклучокот за усвојување**
**на извештајот за остварување на приходите и извршување**
**на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба,**
**за период Јануари - Септември 2012 година**

1. Се објавува заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за период Јануари - Септември 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 31.10.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3405/21**
**од 08.11.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр. 5/02), член 32 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), расправајќи по Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Септември 2012 година, Советот на Општина Гази Баба на Педесеттата седница одржана на ден 31.10.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Септември 2012 година**

1. Се усвојува Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Септември 2012 година.

2. Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 3219/23**
**од 31.10.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

# 1. Вовед

## 1.1 Основни податоци за Општината

**-Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

**-Број на жители**
Во Општина Гази Баба живеат 76.458 жители од кои според етничката припадност 73,5% се Македонци; 17,3% се Албанци; 2,9% се Срби; 2,9% се Роми; 0,8% се Турци; 0,3% се Власи и 1,3% се останати.

**-Просечна возраст**
Просечна возраст на населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**-Површина и населени места**
Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Црешево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината .

**Скопје – Општина Гази Баба**



## Ī - ПРИХОДИ

Вкупните приходи во буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-септември 2012 година се остварени во вкупен износ од **445.425.734,00** денари или **58,94%** во однос на вкупно планираните приходи во Буџетот за 2012 година во износ од **755.734.000,00** денари. Планираните приходи во Буџетот за 2012 година, остварените приходи за периодот јануари-септември 2012 година и реализираните приходи за периодот јануари-септември 2011 година групирани по оделни видови на приходи изнесуваат:

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| R.br | Конто | Програма / Ставка | 2012 година | ИИИ - Кватрал 2011 година | ИИИ - Кватрал 2012 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 240.280.000 | 94.619.026 | 85.261.483 | 35,48% | 90,11% |
| | 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 6.600.000 | 8.006.406 | 3.596.827 | 54,50% | 44,92% |
| | 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 63.499.000 | 5.786.665 | 36.317.874 | 57,19% | 627,61% |
| | 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 28.400.000 | 54.317.077 | 43.729.000 | 153,98% | 80,51% |
| 1 | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 338.779.000 | 162.729.174 | 168.905.184 | 49,86% | 103,80% |
| 2 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 331.500.000 | 245.336.707 | 249.960.805 | 75,40% | 101,88% |
| 3 | | ВКУНПО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 3.123.000 | 1.159.466 | 1.159.466 | 37,13% | 100,00% |
| 4 | | ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 67.500.000 | 42.982.550 | 25.400.279 | 37,63% | 59,09% |
| 5 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ | 14.832.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 755.734.000 | 452.207.897 | 445.425.734 | 58,94% | 98,50% |

**Приходите на Основниот буџет** се остварени во износ од **168.905.184,00** денари или **49,86%** во однос на планираните приходи во Буџетот за 2012 година кои изнесуваат 338.779.000,00 денари.

Кај **Приходи од донации** бележиме остварување од **1.159.466,00** денари или 37,13% во однос на планираните за 2012 година.

**Приходите од блок дотациите** за основните училишта и детските градинки на територија на Општината се остварени во износ од **249.960.805,00** денари или **75,40%** во однос на планираните во Буџетот за 2012 год. кои изнесуваат **331.500.000,00** денари и

**Приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки се остварени во износ од **25.400.279,00** денари или **37,63%** во однос на планираните во Буџетот за 2012 година кои изнесуваат 67.500.000,00 денари.

Споредено со истиот период од 2011 година вкупни приходи бележат остварување со индекс од 98,50% од кои :

- Приходите на Основниот буџет се со индекс од **103,80%**,
- Приходите од блок дотациите за основните училишта и детските градинки со индекс од **101,88%**,
- Приходите од донации со индекс од **100%**, и
- Приходите од самофинансирачки активности на основните училишта и детските градинки со индекс од **59,09%**
- Приходите од кредити со индекс **0%,** бидејќи во текот на 2011 година немаме приходи по овој однос односно немаме кредитно задолжување.

Графичкиот приказ на остварените приходи на Општината за периодот јануари-септември 2012 година и на нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за

2012 година класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното :







Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-септември 2012 година година по ставки и подставки и нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2012 година и со остварените приходи за истиот период во 2011 година е даден во следниот табеларен преглед :

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2012 година | ИИИ - Кватрал 2011 година | ИИИ - Кватрал 2012 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** | **755.734.000** | **452.207.897** | **445.425.734** | **58,94%** | **98,50%** |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **338.779.000** | **162.729.174** | **168.905.184** | **49,86%** | **103,80%** |
| | **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **240.280.000** | **94.619.026** | **85.261.483** | **35,48%** | **90,11%** |
| **1** | **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **10.720.000** | **7.382.492** | **8.249.956** | **76,96%** | **111,75%** |
| | 711111 | Данок на плати на вработени лица корисници на средства од Буџетот на РМ и на ЕЛС. | 3.000.000 | 2.164.684 | 2.172.190 | 72,41% | 100,35% |
| | 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија | 6.850.000 | 4.704.130 | 5.621.659 | 82,07% | 119,50% |
| | 711114 | Данок на плати остварени во странство | 150.000 | 72.935 | 51.652 | 34,43% | 70,82% |
| | 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 500.000 | 331.847 | 265.400 | 53,08% | 79,98% |
| | 711139 | Данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 200.000 | 99.810 | 130.368 | 65,18% | 130,62% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 20.000 | 9.086 | 8.687 | 43,44% | 95,61% |
| 2 | 713 | **Даноци на имот** | **61.000.000** | **43.096.563** | **34.250.083** | **56,15%** | **79,47%** |
| | 713111 | Данок на имот | 12.000.000 | 6.910.813 | 8.979.282 | 74,83% | 129,93% |
| | 713113 | Данок на имот од правни лица | 15.200.000 | 9.515.156 | 8.981.142 | 59,09% | 94,39% |
| | 713211 | Данок на наследство и подарок | 2.000.000 | 1.154.479 | 2.186.051 | 109,30% | 189,35% |
| | 713311 | Данок на промет на недвижности | 20.000.000 | 16.911.883 | 9.434.039 | 47,17% | 55,78% |
| | 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 11.000.000 | 8.173.645 | 4.623.566 | 42,03% | 56,57% |
| | 713512 | Камата за ненавремено плаќање на данокот на имот | 800.000 | 430.587 | 46.003 | 5,75% | 10,68% |
| 3 | 717 | **Даноци на специфични услуги** | **168.260.000** | **44.126.209** | **42.744.306** | **25,40%** | **96,87%** |
| | 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 10.000.000 | 4.750.363 | 5.717.433 | 57,17% | 120,36% |
| | 717115 | Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистрација на возилата | 2.000.000 | 1.230.779 | 2.753.474 | 137,67% | 223,72% |
| | 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление | 42.460.000 | 18.681.089 | 21.667.453 | 51,03% | 115,99% |
| | 717131 | Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 200.000 | 123.200 | 100.052 | 50,03% | 81,21% |
| | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 113.600.000 | 19.340.778 | 12.505.894 | 11,01% | 64,66% |
| 4 | 718 | **Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | **300.000** | **13.762** | **17.138** | **5,71%** | **124,53%** |
| | 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно Гр. Ск. | 300.000 | 13.762 | 17.138 | 5,71% | 124,53% |
| | 72 | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **6.600.000** | **8.006.406** | **3.596.827** | **54,50%** | **44,92%** |
| 5 | 722 | **Глоби, судски и административни такси** | **2.000.000** | **5.601.496** | **737.270** | **36,86%** | **13,16%** |
| | 722315 | Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата | 2.000.000 | 5.601.496 | 737.270 | 36,86% | 13,16% |
| 6 | 723 | **Такси и надоместоци** | **600.000** | **111.600** | **273.417** | **45,57%** | **245,00%** |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 600.000 | 111.600 | 256.000 | 42,67% | 229,39% |
| | 723914 | Приходи од закупн.на општествен имот | 0 | 0 | 17.417 | 0,00% | 0,00% |
| 7 | 724 | **Други владини услуги** | **1.300.000** | **375.825** | **117.000** | **9,00%** | **31,13%** |
| | 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 1.000.000 | 232.525 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 724125 | Приходи од тендери (јавни нарачки) | 300.000 | 143.300 | 117.000 | 39,00% | 81,65% |
| 8 | 725 | **Други неданочни приходи** | **2.700.000** | **1.917.485** | **2.469.140** | **91,45%** | **128,77%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 2.700.000 | 1.917.485 | 2.469.140 | 91,45% | 128,77% |
| | 73 | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **63.499.000** | **5.786.665** | **36.317.874** | **57,19%** | **627,61%** |
| 9 | 733 | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **63.499.000** | **5.786.665** | **36.317.874** | **57,19%** | **627,61%** |
| | 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште на Р.М. | 200.000 | 77.713 | 1.335.550 | 667,78% | 1718,57% |
| | 733118 | Надомест за концесии за детални геолошки истражувања | 0 | 0 | 1.553.760 | 0,00% | 0,00% |
| | 733119 | Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини ( по основа на простор) | 100.000 | 35.480 | 304.439 | 304,44% | 858,06% |
| | 733120 | Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини по основа на експлоатирана минерална суровина) | 600.000 | 365.392 | 1.049.870 | 174,98% | 287,33% |
| | 733131 | Приходи од надомест за закупнина | 0 | 0 | 392.385 | 0,00% | 0,00% |
| | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште | 33.199.000 | 5.308.080 | 8.052.380 | 24,25% | 151,70% |
| | 733144 | Надоместок за утврдување на статус на бесправно изградени објекти | 29.400.000 | 0 | 23.629.490 | 80,37% | 0,00% |
| | 74 | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **28.400.000** | **54.317.077** | **43.729.000** | **153,98%** | **0,00%** |
| 10 | 741 | **Трансфери од други нивоа на власт** | **28.400.000** | **54.317.077** | **43.729.000** | **153,98%** | **80,51%** |
| | 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 1.550.000 | 35.000 | 70.000 | 4,52% | 200,00% |
| | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 6.500.000 | 4.626.038 | 7.283.460 | 112,05% | 157,44% |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 0 | 27.525.733 | 22.509.439 | 0,00% | 81,78% |
| | 741115 | Дотации на општината, од приходи од ДДВ | 17.850.000 | 10.062.712 | 10.618.760 | 59,49% | 105,53% |
| | 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 2.500.000 | 12.067.594 | 3.247.341 | 129,89% | 26,91% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **331.500.000** | **245.336.707** | **249.960.805** | **75,40%** | **101,88%** |
| 11 | 741 | **Трансфери од други нивоа на власт** | **331.500.000** | **245.336.707** | **249.960.805** | **75,40%** | **101,88%** |
| | 741117 | Наменска дотација на општината за активности од образованието | 254.050.000 | 186.543.227 | 189.188.794 | 74,47% | 101,42% |
| | 741118 | Наменска дотација на општината за активности од соц. заштита | 77.450.000 | 58.793.480 | 60.772.011 | 78,47% | 103,37% |
| | | **ВКУНПО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | **3.123.000** | **1.159.466** | **1.159.466** | **37,13%** | **100,00%** |
| 12 | 741 | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **1.159.466** | **1.159.466** | **0,00%** | **100,00%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | **0** | 1.159.466 | 1.159.466 | 0,00% | 100,00% |
| 13 | 742 | **Донации од странство** | **1.823.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 742111 | Приходи од ОН | 1.193.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 742119 | Други општи и тековни донации | 630.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 14 | 743 | **Капитални донации** | **300.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 743211 | Капитални донации | 300.000 | 0 | **0** | 0,00% | 0,00% |

3

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **15** | **744** | **Тековни донации** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 744111 | Донации од приватни компании | 1.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** | **67.500.000** | **42.982.550** | **25.400.279** | **37,63%** | **59,09%** |
| **16** | **723** | **Такси и надоместоци** | **67.500.000** | **42.982.550** | **25.400.279** | **37,63%** | **59,09%** |
| | 723116 | Надоместоци за оброци во училишта, градинки и други институции | 67.500.000 | 42.982.550 | 25.400.279 | 37,63% | 59,09% |
| | | **ВКУНПО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ** | **14.832.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 17 | **761** | **Меѓународни развојни агенции- задолжување во странство** | **14.832.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 761112 | Задолжување кај Светска банка | 14.832.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |

Од прикажаните податоци во табелата може да се види дека вкупните приходи на **Основниот буџет** на Општината за периодот јануари-септември 2012 година се остварени во износ од **168.905.184,00** денари или 49,86% што представува повисоко остварување во однос на истиот период во 2011 година за 3,80%.

Повисоко остварување на приходите во однос на планираните бележиме кај :

- Приходите од **данокот на доход**, од добивка и од капитални добивки кои се остварени во износ од **8.249.956,00** денари односно со индекс од 76,96% во однос на планираните за 2012 година во износ од 10.720.000,00 денари. Споредбено со истиот период од 2011 година постои зголемување во наплатата од 11,75%.

- Приходи од **други неданочни приходи** бележат остварување во износ од **2.469.140,00** денари односно 91.45 % во однос на планираните 2.700.000 денари.

- **Трансфери од други нивоа на власт** со индекс од 153,98% односно **43.317.077,00** денари.

Останатите приходи бележат остварување во планираните рамки на буџетот.

Во 2012 година приходите од **даноците на имот** се остварени во износ од **34.250.083,00** денари и индекс од 56,15% во однос на планираните 61.000.000,00 денари во Буџетот за 2012 година од кои повисока наплата е реализирана кај данокот на имот на физички лица со индекс од 74,83%. Зголемувањето во наплатата кај данокот на имот настана како резултат на континуираните активности во ажурирањето на базата на даночни обврзници и промената на начинот на дистрибуција на даночните решенија односно за прв пат оваа година дистрибуцијата на истите ја изврши Општина Гази Баба, наместо доставата која предходните година ја вршеше преку А.Д. Македонски пошти. Поголема наплата исто така бележиме и кај данок на наследство и подарок со индекс од 109.30%.

Приходите од **данокот на специфични услуги** бележат остварување во износ од **42.744.306,00** денари или 25,40% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2012 година кои по овој основ се планирани 168.260.000,00 денари во чии рамки спаѓаат приходите од комуналната такса за улично осветлување со индекс од 51,03% или 21.667.453,00 денари, приходите од комунални такси за истакнување на реклами и фирмарина со индекс од 49,29% или 5.717.433,00 денари во однос на планираните 10.000.000 денари за 2012 година, приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 12.505.894,00 денари односно со индекс од 11,01%, комунални такси за користење на простор пред деловен простор за вршење на дејност во износ од 100.052,00 денари или 50,03% и комунална такса за користење на улици во износ од 2.753.474,00 денари односно 137,67%.

Приходите од **такси за дозволи за вршење на дејност** изнесуваат **17.138,00** денари или 5,71% во однос планираните 300.000,00 денари за 2012 година.

Приходите од **глоби, судски и административни такси** изнесуваат **737.270,00** денари или 36,86% во однос планираните 2.000.000,00 денари за 2012 година.

Приходите од **такси и надоместоци** се остварени во износ од **273.417,00** денари односно со индекс од 45,57% во однос на планираните 600.000,00 денари за 2012 год. што е за 145% поголема во однос на истиот период 2011 година.

Приходите од **други владини услуги** изнесуваат **117.000,00** денари или 9,00% во однос планираните 1.300.000,00 денари за 2012 година.

Капиталните приходи односно приходите од **продажба на земјиште и нематеријални вложувања** се остварени во износ од **36.317.874,00** денари со индекс од 57,19% во однос на планираните 63.499.000,00 денари за 2012 година каде споредбено со истиот период 2011 година бележиме зголемување во остварувањето за 527,61%.

За периодот јануари-септември 2012 година во делот на **наменските блок дотации** за финансирање на основните училишта и детските градинки бележиме приходи од **трансфери од други нивоа на власт** во износ од **249.960.805,00** денари. Во овој период средствата беа редовно префрлани на наменската сметка на Општината за извршување на активностите кај овие корисници и истите бележат остварување од 75,40% во однос на планираните за 2012 година.

Во делот **на приходите од донации** бележиме остварување од 1.159.466,00 денари или 37,13% во однос на планот.

Кај **приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки бележиме остварување во износ од 25.400.279,00 денари или 37,63% во однос на планираните додека **приходите од кредити** ќе бидат наменети за финансирање на расходите на ниво од 14.832.000,00 денари предвидени со развојните програми импламантирани во Буџетот за 2012 година, усвоени на 44 седница на Советот на Општина Гази Баба, а со кои се предвидува за 2012 и 2013 година користење на кредит од Светската банка за изградба на нова зграда на О.У.,, Григор Прличев,, и претставува надополнување на приходите со дефицит финансиран од приливи од странски заем.

## II - РАСХОДИ

За периодот јануари-септемри 2012 година реализирани се вкупни расходи на Буџетот на Општина Гази Баба во износ од **406.229.974,00** денари или **53,75%** во однос на вкупно планираните расходи кои за 2012 година изнесуваат **755.734.000,00** денари, што представува повисоко остварување во однос на истиот период во 2011 година за 4,68%.

Планираните расходи со Буџетот за 2012 година, извршените расходи за периодот јануари-септември 2012 година и извршените расходи за истиот период за 2011 година кои се класифицирани по оделни програми и подпрограми во Буџетот на Општина Гази Баба може да се видат од следната табела:

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2012 година | ИИИ - Кватрал 2011 година | ИИИ - Кватрал 2012 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | А0 | Совет на општина | 7.500.000 | 4.090.582 | 4.197.151 | 55,96% | 102,61% |
| 2 | Д0 | Градоначалник | 6.750.000 | 3.526.069 | 3.618.942 | 53,61% | 102,63% |
| 3 | Е0 | Општинска администрација | 66.089.000 | 41.120.467 | 45.126.267 | 68,28% | 109,74% |
| 4 | ЕА | Капитални трошоци на општината | 7.520.000 | 1.031.899 | 656.026 | 8,72% | 63,57% |
| 5 | Ф1 | Урбанистичко планирање | 18.200.000 | 4.056.367 | 5.285.983 | 29,04% | 130,31% |
| 6 | Ф2 | Уредување на градежно земјиште | 2.800.000 | 39.876 | 930.822 | 33,24% | 2334,29% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | ФА | Уредување на градежно земјиште (капит. трошоци) | 92.400.000 | 36.181.479 | 39.513.382 | 42,76% | 109,21% |
| 8 | Г1 | Поддршка на локалниот економски развој | 12.320.000 | 0 | 651.640 | 5,29% | 0,00% |
| 9 | Ј3 | Јавно осветлување | 42.460.000 | 29.263.308 | 32.355.320 | 76,20% | 110,57% |
| 10 | Ј4 | Јавна чистота | 9.940.000 | 5.964.600 | 6.350.717 | 63,89% | 106,47% |
| 11 | Ј6 | Одржување на лок.патишта, улици и регул. на сообраќај | 5.700.000 | 2.093.439 | 2.978.183 | 52,25% | 142,26% |
| 12 | Ј7 | Одржување и користење на зеленило | 1.000.000 | 1.055.937 | 473.882 | 47,39% | 44,88% |
| 13 | ЈА | Изградба на јавно осветлување | 2.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 14 | ЈД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 7.800.000 | 3.204.003 | 3.004.691 | 38,52% | 93,78% |
| 15 | ЈИ | Изградба на системи за отпадни води | 35.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 16 | ЈН | Урбана опрема | 1.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 17 | К4 | Културни манифестации и творештво | 3.241.000 | 639.480 | 1.882.375 | 58,08% | 294,36% |
| 18 | КА | Културни манифестации и творештво(капитални трошоци) | 10.000.000 | 13.521.952 | 5.047.341 | 50,47% | 37,33% |
| 19 | Л0 | Спорт и рекреација | 2.059.000 | 0 | 863.923 | 41,96% | 0,00% |
| 20 | НА | Образование (капитални расходи) | 1.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 21 | Р1 | Заштита на животната средина и природата | 2.150.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 22 | Њ1 | Противпожарна заштита | 1.350.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ | 338.779.000 | 145.789.458 | 152.936.645 | 45,14% | 104,90% |
| 23 | Н1 | Основно образование | 254.050.000 | 178.339.329 | 183.862.689 | 72,37% | 103,10% |
| 24 | НА | Основно образование (капитални трошоци) | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 25 | В1 | Детски градинки | 77.450.000 | 43.300.982 | 45.855.774 | 59,21% | 105,90% |
| 26 | ВА | Детски градинки (капитални трошоци) | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 331.500.000 | 221.640.311 | 229.718.463 | 69,30% | 103,64% |
| 27 | Н1 | Основно образование | 190.000 | 0 | 183.596 | 96,63% | 0,00% |
| 28 | В1 | Детски градинки | 440.000 | 0 | 130.155 | 29,58% | 0,00% |
| 29 | ФА | Уредување на градежно земјиште (кап. трошоци) | 1.193.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 30 | ФД | Уредување на простор во рурални подрачја | 1.300.000 | 112.638 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУНПО РАСХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 3.123.000 | 112.638 | 313.751 | 10,05% | 278,55% |
| 31 | | Расходи на самофинанс. активности - осн. образование | 30.950.000 | 20.511.262 | 8.548.649 | 27,62% | 41,68% |
| 32 | | Расходи на самофинанс активности - соц. заштита | 36.550.000 | 0 | 14.712.466 | 40,25% | 0,00% |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 67.500.000 | 20.511.262 | 23.261.115 | 34,46% | 113,41% |
| 33 | НА | Основно образование (капитални трошоци) | 14.832.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД КРЕДИТИ | 14.832.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 755.734.000 | 388.053.669 | 406.229.974 | 53,75% | 104,68% |

Вкупните расходи на **Основниот Буџет** на Општина Гази Баба за периодот јануари-септември 2012 година изнесуваат **152.936.645,00** денари или 45,14% во однос на планираните 338.779.000,00 денари. Ваквото извршување на средствата кај Основниот Буџет на Општината е пониско за 29,86% во однос на планираните расходи за овој период. На ваквото извршување влијание има пониското трошење на средства кај следниве програми и подпрограми и тоа :

-Совет на општина со 55,96% во однос на планот;

-Градоначалник со 53,61% во однос на планот;

-Општинска администрација со 68,28% во однос на планот;

-Капитални трошоци на општината со 8,72% во однос на планот;

-Урбанистичко планирање со 29,04% во однос на планот;

-Уредување на градежно земјиште со 33,24 % во однос на планот;

-Уредување на градежно земјиште (капит. трошоци) со 42,76 % во однос на планот;

-Поддршка на локалниот економски развој со 5,29% во однос на планот;

-Јавно чистота со 63,89% во однос на планот;

-Одржување на локални патишта, улици и рег. на сообраќај со 52,25%;

-Одржување и користење на паркови и зеленила со 47,39%;

-Изградба и реконструкција на локални патишта со 38,52% во однос на планот;

-Културни манифестации и творештво со 58,08% во однос на планот;

-Културни манифестации и творештво(капит.трошоци)со 50,47% во однос на планот и

- Спорт и рекреација со 41,96% во однос на планот;

Повисоко извршување на средствата бележи програмата за Јавно осветлување со 76,20 % во однос на планот како резултат на порастот на цените на електричната енергија.

Во Програмите Изградба на јавно осветлување, Изградба на системи за отпадни води, Купување на урбана опрема, Основно образование (капитални расходи), Заштита на животната средина и Противпожарна заштита прикажани во табелата во третиот квартал од годината воопшто нема реализирано трошења на средства.

Графичкиот приказ на извршените расходи на Општината за периодот јануари-септември 2012 година и на нивната споредба со планираните расходи во Буџетот за 2012 година групирани по одделни видови на расходи и по програми и подпрограми може да се види од следното:







Оделните видови на извршените и планираните расходи аналитички по одделни програми и подпрограми и по одделни ставки и подставки се дадени во следниот табеларен преглед:

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2012 година | ИИИ - Кватрал 2011 година | ИИИ - Кватрал 2012 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНО БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** | **755.734.000** | **388.053.669** | **406.229.974** | **53,75%** | **104,68%** |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **338.779.000** | **145.789.458** | **152.936.645** | **45,14%** | **104,90%** |
| | **А0** | **Совет на општина** | **7.500.000** | **4.090.582** | **4.197.151** | **55,96%** | **102,61%** |
| 1 | **401** | **Основни плати** | **650.000** | **400.171** | **410.492** | **63,15%** | **102,58%** |
| | 401320 | персонален данок | 650.000 | 400.171 | 410.492 | 63,15% | 102,58% |
| 2 | **404** | **Надоместоци** | **5.500.000** | **3.457.801** | **3.632.010** | **66,04%** | **105,04%** |
| | 404150 | други надоместоци | 5.500.000 | 3.457.801 | 3.632.010 | 66,04% | 105,04% |
| 8 | **412** | **Постојана резерва (непредвидливи расходи)** | **300.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 412110 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 300.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
